РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-257/5
26-07-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 09-4342/1 од 12.09.2023 година, оформен врз основа на пријава од познат подносител против лицето _______, вработена во општина _______,
**СЕ ЗАПИРА.**
Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-4342/1 од 12.09.2023 година, е оформен врз основа на пријава од познат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, поради постоење на елементи и основани сомневања за сторени кривчни дела, злоупотреба на службената положба и овластувања како и несовесно работење во службата од страна на службени лица вработени во општина ________.
Имено, подносителот на пријавата наведува дека во општина _______ заведен е предмет под бр. УП.бр.______ од март месец 2023 година, како подносител на предметот е ____________ со седиште на ул._________ за добивање на Решение за реконструкција. Во проектната документација, како сообраќаен инженер кој ја

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

изработил проектната документација е лицето ________ од _______ – сопруг на службеното лице ___________ од __________ вработена во ЕЛС општина ___________, која била задолжена за проверка и одобрување на документацијата во постапката по поднесеното барање. Во пријавата се наведува и дека барањето за добивање Решение за реконструкција е поднесено на ден ___________ година во текот на работниот ден и по истото барање веднаш е постапено од страна на пријавеното лице и во истиот ден е завршена постапката и донесен е правилен актот и доставата е извршена на ден ________ година.

Државната комисија заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, се обрати до општина ________ со допис Барање за доставување на податоци и информации бр. 09-257/1 од 26.01.2024 година од кои е побарано да се доставуват сите списи од предметот заведен под УП.бр.______ од март 2023 год, побарана е информација дали лицето __________, учествувал во изработка на проектната документација за предметот како сообраќаен инженер и дали лицето ______________ вработена во општина__________ била задолжена за проверка и одобрување на документацијата во постапката по поднесеното барање.

Од страна на општина __________ доставен е писмен допис бр. 09-257/3 од 05.04.2024 година во врска со побараната документација и информации, по што од увидот во списите Државната комисија го утврди следното:

Лицето ____________- учествувал во изработка на проектната документација како дипломиран градежен инженер кој постапувал согласно Анекс на сообраќајниот проект изработен од сообраќаен инежeнер од друг правен субјект. Лицето ____________ вработена во општина ______ на работно место Советник за правни работи во Одделение за урбанизам нема постапувано во контрола и одобрување на проектот. Од доставената документација беше забележано дека проектот бил одобрен од Раководител на Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој ____________ и истото презиме се поклопуваше со презимето на двајцата сопружници _____ и _______ и затоа ДКСК со Дополнително барање се обрати до Општина _______ односно до лицето ________ да достави Изјава заверена на нотар дали е блиско лице со _______ во смисла на член 8 став (4) од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси.

Во законски утврдениот рок лицето __________, Раководител на Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и

локален економски развој вработен во општина _________ достави Изјава под бр. 09-257/4 од 23.04.2024 година заверена на нотар, со која изјавува дека е во роднинска врска со _________, односно е блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, односно братучеди од второ колено.
Согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси
(4) Под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.
Имено, согласно цитираниот член од Законот, Државната комисија утврди дека наведените лица не се блиски лица, а додека пак лицето __________ нема учествувано во постапката под бр. УП.бр.1309-65 од март месец 2023 година каде подносител на предметот е Здружение на возачи __________- за добивање на Решение за реконструкција.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 24.07.2024 година одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. - раководител